Врз основа на членот 82 став (4) од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 102/2019), а по прибавено позитивно мислење од Врховниот суд на Република Северна Македонија, Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18.12.2020 година, ја донесе следнава

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА СУДИЈА ВРЗ ОСНОВА НА ИСПОЛНЕТОСТ НА КВАЛИТАТИВНИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА СУДИСКОТО РАБОТЕЊЕ

### Член1

(1) Со Методологијата за оценување на работата на судија врз основа на исполнетост на квалитативните критериуми за судиското работење (во натамошниот текст: Методологијата) сеутврдуваат индикатори за ефикасно следење на степенот на исполнетост на првиот квалитативен критериуми за оценување на работата на судија од. чл. 86 ст. (1) во Законот за Судскиот совет (во натамошниот текст: Законот), насловен како - квалитет на водење судска постапка.

(2) Методологијата го содржи и начинот на оценување и бодување на под-критериумите и индикаторите со кои се утврдува степенот на исполнетост на критериумот квалитет на водење на судската постапка при увидот во секој поединечен предмет на судијата кој се оценува.

(3) Методологијата ги содржи и квалитативните критериуми од член 80 став 2 и став 3 од Законот, насловени како - квалитет на ажурно постапување и квалитет на работата на судијата, кои се оценуваат преку увид во податоците од автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети од страна на Судскиот совет (во натамошниот текст: Советот).

## ОПШТИ ОДРЕДБИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКАТА ПОСТАПКА

### Член2

(1) Оценувањето на квалитетот на водење на судската постапка се врши преку увид во десет предмети на оценуваниот судија од периодот на оценување од кои:
  - Најпрво се собираат пет предмети кои се добиваат по случаен избор од страна на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети,кон кои се додаваат
  - Пет предмети определени од самиот судија чие водење на судска постапка се оценува.

(2) Увидот од став (1) на овој член го врши Комисија надлежна за увид во предметите и оцена на квалитетот на водење на постапката на конкретниот судија (во натамошниот текст: Комисија за увид и оцена).

(3) Комисиите за увид и оцена се составени од пет члена на судии од сите апелациони судови, односно од непосредно повисокиот суд, а ги формира Советотпо случаен избор, на начин уреден со подзаконски акт кој го донесува Советот.

(4) Комисијата за увид и оцена на судии од основните судови е составена од петмина судии од кои двајца се судии на апелациониот суд на чие апелационо подрачје постапува оценуваниот судија и по еден судија од останатите три апелациони судови.

(5) Комисијата за увид и оцена на судии на апелационите судови е составена од петмина судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

(6) Комисијата за увид и оцена на судии на Управниот суд е составена од петмина судии на Вишиот управен суд.

Член3

(1) Секој член на Комисијата за увид и оцена врши увид во секој од десетте предмети на оценуваниот судија и поединечно го оценува секој предмет применувајќи ги под-критериумите и индикаторите од оваа Методологија.
(2) Крајната оцена на квалитетот на водење постапка на оценуваниот судија се добива како средна вредност од секоја поединечна оценка по секој од десетте предмети на секој од петте членови на Комисијата за увид и оцена.
(3) Оценувањето на став (1) на овој член се врши преку бодирање и образложение внесени во Образец кој е составен дел на оваа Методологија.

ИНДИКАТОРИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИСПОЛНЕТОСТА НА КРИТЕРИУМОТКВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Член4

(1) Методологијатаутврдува индикатори за исполнетост на критериумот квалитет на водење на судска постапка и под-критериумите на овој квалитативен критериум пропишани во чл. 80, ст. (1), алинеа 1 од Законот.

Член 5

(1) Под-критериуми за утврдување на квалитетот на водење на судската постапка се:
    - Способност на судијата за аргументација
    - Подготвеност на судијата за водење на расправа
    - Квалитет на составување на записник во постапката и сослушување странки;
    - Подготвеност на судијата за донесување процесни одлуки;
    - Способност на судијата за решавање на конфликти.

(2) Комисијата ја утврдува исполнетоста на секој од под-критериумите од ставот (1) на овој член, со примена на следниве индикатори:

1. Способност на судијата за аргументација:
- Оправданост на аргументите во образложението на одлуката со кое се поткрепува нејзиниот диспозитив;
- Избор и анализа на изведенитедоказите во конкретниот предмет;
- Донесување на процесни решенија во текот на постапката против кои е поднесена жалба;
- Референрање на меѓународни правни стандарди и праксата на меѓународните судови, вклучително и праксата на ЕСЧП;
- Аргументација за неодржување на јавна расправа и аргументација за (не)изрекување на санкција на јавен орган(дополнителни индикатори *за предмети од управното судство*).

2. Подготвеност на судијата за водење на расправа
- Навремена достава и навремено закажување на рочиштата;
- Правилно и навремено утврдување на учесниците во постапката вклучувајќи и учество на трети лица/заинтересирани лица;
- Обезбедување на достинство и интегритет на странките и учесниците во постапката;

- Преземање на процесни дејствија при претходно испитување на тужбата и навремено отстранување на недостатоците во тужбата*(за предмети од граѓанската и управната област);*
- Активности за подготовка на рочиште за притвор и одлучување по приговори во текот на постапката*(дополнителни индикатори за предмети од кривичната област)*.

3. Квалитет на составување на записник и сослушување на странки:
- Проценка дали записникот ги содржи сите потребните елементи;
- Разбирливост на содржината на записникот;
  - Нотирање на преземените дејствија за решавање на конфликти во постапката (на пример: опомена, отстранување, парична казна);
  - Проценка на релевантноста на податоците содржани во записникот, особено на изјавите на странките дадени во текот на постапката.

4. Подготвеност на судијата за донесување на процесните одлуки
- Донесени процесни решенија против кои странките имаат право на посебна жалба и/или процесни решенија кои можат да се обжалат само со жалбана пресудата
- Доставување на тужбата/жалбата на одговор
- Доставување на поднесоци и предлози за запознавање на странките;
- Отфрлање на тужбата заради судска ненадлежност и други причини;
- Одлучување за привремени мерки за обезбедување;
- Изрекување на санкција врз јавен орган *(за предмети од управната и кривичната област);*

5. Способност за решавање на конфликти
- Одржување на редот и дисциплината во судница;
- Користење на аворитетот на судијата, начинот и стилот на изразување во судница заради обезбедување и зачувување на судискиот интегритет;
- Отстранување на претходно опоменато лице кое ја попречува работата во судница;
- Обезбедување на јавност во расправата;
- Укажување на странките за можноста за судско порамнување односно помирување на странките(кај предметите одграѓанската икривичната област).

ПОСТАПКА ЗАЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИСПОЛНЕТОСТА НА КРИТЕРИУМОТ КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Член 6

(1) Комисијата за увид и оценае должна 15 дена пред почетокот на својата работа, да го извести судијата кој подлежи на редовно оценување за времето на почетокот на постапката за оценување.

Член7

(1) Секој член на Комисијата за увид и оцена го следи квалитетот на водење на судската постапка на еден судија преку оценување на секој од петте предмети избрани по случаен избор од автоматизираниот компјутерски системи оценување на секој од петте предметиопределени од страна на судијата кој се оценува, имајќи ги предвид индикаторите и под-критериумите утврдени со Методологијата и Законот.

(2) Крајната оцена за квалитетот на водењето на судска постапка на судијата се добива како средна вредност од сите поединечни оценки по сите предмети од страна на секој член на Комисијата за увид и оцена .
(3) Оценувањето од став (1) на овој член се врши со оценки од 1 до 10 при што 1 е најниска, а 10 е највисока оценка. Оценките соодветно се бодуваат со бодови од 0 до 60 и заедно со образложението и коментарите на секој член на Комисијата за увид и оцена се внесуваат во Образецот што е составен дел од оваа Методологија.

Член 8

(1) Бодувањето на квалитетот на водење на постапката е прикажано во следната табела:

| Средна оценка од Комисијата за квалитет на водење на постапка | Бодови |
|---|---|
| Од 8-10 | 60 |
| Од 5-8 | 40 |
| Од 3-5 | 25 |
| Под 3 | 0 |

Член 9

(1) Секој член на Комисијата за увид и оцена го пополнува Образецоткој е составен дел на оваа Методологија.
(2) Во Образецот, секој член на Комисијата доделува оценка од 1 до 10во сите поединечни предмети кои се разгледуваат, и тоа за секој од под-критериумите во зависност од (не)исполнетоста на наведените индикатори.
(3) Крајната оценка претставува средна вредност од збирот на оценки доделени на секој од утврдените под-критериуми.
(4) Комисијата за увид и оцена за секој оценуван судија доставува до Советот една средна образложена оценка од сите членови на Комисијата.

УТВРДУВАЊЕ НА ИСПОЛНЕТОСТА НА КРИТЕРИУМОТ КВАЛИТЕТ НА АЖУРНО ПОСТАПУВАЊЕ ПО СУДСКИТЕ ПРЕДМЕТИ

Член 10

(1) Методологијата ги содржии под-критериумите за оценување на исполнетоста на критериумот квалитет на ажурно постапување по судските предмети пропишани во чл. 80, ст. (1), алинеа 2 од Законот.
(2) Исполнетоста на под-критериумите за утврдување на квалитетот на ажурно постапување по судските предмети за секој оценуван судија, се утврдува преку увид на Советот во податоците од автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети согласно чл. 82 ст. (2) од Законот.
(3) Квалитетот на ажурно постапување по судски предмети се оценува во однос на:

- Почитување на законските рокови за преземање на процесни дејствија во постапката;
- Почитување на законските рокови за донесување, објавување и изготвување на одлуките; и
- Времетраење на судската постапка.

(4) „Почитување на законските рокови за преземање на процесни дејствија во постапката“ сеоднесува на тоа дали судијата во текот на постапката навремено ги презел сите потребни процесни дејствија согласно роковите пропишани со важечките процесни закони (рокови за уредување на тужба, за уредна достава, за закажување расправа, за доставување на списи од страна на јавните органи, за изведување на докази и сл.).
(5) Преку индикаторот „почитување на законските рокови за донесување, објавување и изготвување на одлуките“ се оценува дали судијата навремено ги презел сите дејствија за донесување, објавување и изготвување на одлуките согласно роковите пропишанисо важечките процесни закони.
(6) Преку индикаторот „времетраење на судската постапка“ се оценува дали оценуваниот судија го почитувалзаконски предвидениот рок за одлучување по предметот.
(7) Највисока оценка се дава ако судијата без непотребни оддолжувања ги испочитувал законските рокови за сите дејствија преземени во постапката .
(8) Најниска оценка се дава ако судијата не ги испочитувал законските рокови без оправдани причини.
(9) Пресметката на критериумот се врши според член 84 (2) од Законот за Судски совет.

Член 11

(1) Бодувањето на квалитетот на ажурно постапување по судиските предмети е прикажано во следната табела:

| Процент на почитувани рокови | Бодови |
|---|---|
| Почитување на роковите во повеќе од 90% до 100% од предметите | 35 |
| Почитување на роковите во повеќе од 70% до 90% од предметите | 25 |
| Почитување на роковите во повеќе од 50% до 70% од предметите | 15 |
| Почитување на роковите во повеќе од 50% од предметите | 0 |

УТВРДУВАЊЕ НА ИСПОЛНЕТОСТА НА КРИТЕРИУМОТ КВАЛИТЕТ НА РАБОТАТА НА СУДИЈАТА

Член 12

(1) Методологијата го уредува и начинот на утврдување на исполнетост на критериумот за оценување на квалитетот на работата на судијата.
(2) Исполнетоста на критериумот од ставот (1) на овој членја оценува Советот, преку пресметување на бројот на укинати одлуки заради сторена битна повреда на постапката во однос на вкупниот број на решени нормирани предмети во периодот во кој се оценува судијата.
(3) Пресметката на критериумот се врши според член 84 (3) од Законот за Судски совет.

Член 13

(1) Бодувањето на квалитетот на работата на судијата во делот на бројот на укинати одлуки заради битни повреди на постапката во однос на вкупниот број на решени нормирани предмети во периодот во кој се оценува е прикажано во следната табела:

| Процент на укинати одлуки во однос на вкупниот број решени нормирани предмети | Бодови |
|---|---|
| До 5% | 25 |
| Од 5% до 10% | 20 |
| Од 10% до 15% | 15 |
| Од 15% до 20% | 10 |
| Повеќе од 20% | 0 |

Преодни и завршни одредби

Член 14

(1) Методологијата за утврдување на исполнетост на квалитативните критериуми за оценување на работата на судијата се објавува на интернет страницата на Судскиот совет на Република Северна Македонија, следниот ден по нејзиното донесување, а истата ќе почне да се применува во следното оценување на работата на судиите.

бр.01-1981/1
21.12.2020 година
С К О П Ј Е

СУДСКИ СОВЕТ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Киро Здравев

ОБРАЗЕЦ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ И БОДУВАЊЕ
НА ИСПОЛНЕТОСТ НА КВАЛИТАТИВНИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА РАБОТАТА НА СУДИЈАТА

Оценка на член на Комисијата за увид и оцена

_______________________________________________

Име и презиме на членот на Комисијата за увид и оцена

_______________________________________________

Име и презиме на судијата кој се оценува

_______________________________________________

Име на суд и оддел во кој работи судијата

_______________________________________________

Период за кој се врши оценувањето

_______________________________________________

| 1. КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Под-критериуми за утврдување на квалитетот на водење на судската постапка | | | | | | |
| Број на предмет | Способност на судијата за аргументација | Подготвеност на судијата за водење на расправа | Квалитет на составување на записник во постапка и сослушување на странки | Подготвеност на судијата за донесување на процесни одлуки | Способност на судијата за решавање на конфликти | Средна оцена на критериумот | Бодови |
| | - Оправданост на аргументите во образложението на одлуката со кое се поткрепува нејзиниот диспозитив;<br>- Избор и анализа на изведените докази во конкретниот предмет;<br>- Донесување на процесни решенија во текот на постапката против кои е поднесена жалба;<br>- Реферирање на меѓународни правни стандарди и праксата на меѓународните судови, вклучително и праксата на ЕСЧП;<br>- Аргументација за неодржување на јавна расправа и аргументација за (не)изрекување на | - Навремена достава и навремено закажување на рочиштата;<br>- Правилно и навремено утврдување на учесниците во постапката вклучувајќи и учество на трети лица/заинтересирани лица;<br>- Обезбедување на достинство и интегритет на странките и учесниците во постапката;<br>- Преземање на процесни дејствија при претходно испитување на тужбата и навремено отстранување на недостатоците во тужбата (за предмети од граѓанската и управната област); | - Проценка дали записникот ги содржи сите потребните елементи;<br>- Разбирливост на содржината на записникот;<br>- Нотирање на преземените дејствија за решавање на конфликти во постапката (на пример: опомена, отстранување, парична казна);<br>- Проценка на релевантноста на податоците содржани во записникот, особено на изјавите на странките дадени во текот на постапката. | - Донесени процесни решенија против кои странките имаат право на посебна жалба и/или процесни решенија кои можат да се обжалат само со жалба на пресудата<br>- Доставување на тужбата/жалбата на одговор<br>- Доставување на поднесоци и предлози за запознавање на странките;<br>- Отфрлање на тужбата заради судска ненадлежност и други причини;<br>- Одлучување за привремени мерки за обезбедување;<br>- Изрекување на санкција врз јавен орган (за предмети од управната и кривичната област); | - Одржување на редот и дисциплината во судница;<br>- Користење на авторитетот на судијата, начинот и стилот на изразување во судница заради обезбедување и зачувување на судискиот интегритет;<br>- Отстранување на претходно опоменато лице кое ја попречува работата во судница;<br>- Обезбедување на јавност во расправата;<br>- Укажување на странките за можноста за судско порамнување односно помирување на | (од 0-10) | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | санкција на јавен орган (дополнителни индикатори за предмети од управното судство). | - Активности за подготовка на рочиште за притвор и одлучување по приговори во текот на постапката (дополнителни индикатори за предмети од кривичната област). | | | странките (кај предметите од граѓанската и кривичната област). | | |
| | Оценка за под-критериум | Оценка за под-критериум | Оценка за под-критериум | Оценка за под-критериум | Оценка за под-критериум | Средна оценка за предметот | Бодови |
| Предмет бр. 1 Шифра на уписник _______ | | | | | | | |
| Предмет бр. 2 Шифра на уписник ________ | | | | | | | |
| Предмет бр. 3 Шифра на уписник ________ | | | | | | | |
| Предмет бр. 4 Шифра на уписник ________ | | | | | | | |
| Предмет бр. 5 Шифра на уписник | | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ________ | | | | | | | |
| Предмет бр. 6 Шифра на уписник ________ | | | | | | | |
| Предмет бр. 7 Шифра на уписник ________ | | | | | | | |
| Предмет бр. 8 Шифра на уписник ________ | | | | | | | |
| Предмет бр. 9 Шифра на уписник ________ | | | | | | | |
| Предмет бр. 10 Шифра на уписник ________ | | | | | | | |
| • Средна оценка за квалитет на водење на постапка ___________________________<br>• Освоени бодови___________________________ | | | | | | | |

Забелешка:

Член на Комисија за оценување на квалитативните критериуми за работа на судијата

(име и презиме и своерачен потпис)